# СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА



**СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА:** ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА

**Издавач:** Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачот:**
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Гонце Јаковлеска, извршен директор

**Лектура:** Даниел Медароски

**Дизајн:** Кома

**Контакт:**
МЦМС, адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
тел. +389/2/3065-381; факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; веб-страница: www.mcms.mk

Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697;

SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk

Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

35.072.2:343.352(497.7)»2017»

СЛЕДЕЊЕ на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата : извештај за состојбата. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), 2017. - 56 стр. : граф. прикази ; 30 см

Публикацијата е во рамките на проектот: «Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на јавноста». - Библиографија: стр. 54

ISBN 978-608-4681-83-0

а) Државна комисија за спречување корупција. Транспарентност - Македонија - 2017*1/*3

COBISS.MK-ID 103066378

Сите права се задржани. Репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk

British Embassy Skopje

Подготовката на оваа публикација е во рамките на проектот „Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на јавноста“, поддржан од Британска амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација се на авторите.

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД ... 7

2. МЕТОДОЛОГИЈА ... 9

2.1.ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 9

2.1.1.ОБРАБОТКА И ПРИКАЖУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ... 10

2.1.2.МЕТОДОЛОШКИ ОГРАНИЧУВАЊА ... 12

3.СТАТУС, КАПАЦИТЕТИ И ЗАКОНСКИ НАДЛЕЖНОСТИ ... 13

4.ПЕРФОРМАНСИ ... 16

4.1.КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ ПОЛИТИКИ ... 16

4.2.НАДЗОР И КОНТРОЛА ... 18

4.2.1. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА ВО ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС И ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ... 18

4.2.2. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ ВО ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ... 20

4.2.3. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА ВО СИНДИКАТИТЕ И ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ... 24

4.2.4. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИТЕ ... 25

4.2.5. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ ... 26

4.3.СОРАБОТКА ... 27

4.4.ЕДУКАЦИЈА ... 33

4.5.ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПЕРФОРМАНСИТЕ ... 34

**5.ТРАНСПАРЕНТНОСТ ..... 36**

**5.1.ДЕ ЈУРЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ ..... 37**

5.1.1. КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ ПОЛИТИКИ ..... 37

5.1.2. НАДЗОР И КОНТРОЛА ..... 38

5.1.3. ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ ..... 41

**5.2.ДЕ ФАКТО ТРАНСПАРЕНТНОСТ ..... 42**

5.2.1. КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ ПОЛИТИКИ ..... 42

5.2.2. НАДЗОР И КОНТРОЛА ..... 43

5.2.3. СОРАБОТКА ..... 46

5.2.4. ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ ..... 47

**5.3.ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТА ..... 48**

**6.ОТЧЕТНОСТ ..... 49**

**6.1.ОТЧЕТНОСТ ПРЕД ИНСТИТУЦИИТЕ ..... 49**

**6.2.ОТЧЕТНОСТ ПРЕД ЈАВНОСТА ..... 51**

**6.3.ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ОТЧЕТНОСТА ..... 52**

**ПРИЛОГ 1.** БРОЈ НА АНКЕТНИ ЛИСТОВИ ПОДНЕСЕНИ ДО ДКСК ..... 54

**ПРИЛОГ 2.** ОБЈАВЕНИ СЛУЧАИ ЗА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА НА ДКСК ..... 55

**БИБЛИОГРАФИЈА ..... 56**

# 1. ВОВЕД

Согласно Законот за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) е самостојна и независна антикорупциска институција. Меѓу другото, нејзините надлежности се поврзани со процесот на креирање политики, следење и надзор, како и соработка со други државни органи со цел спречување на корупцијата. Иако резултатите од различни испитувања на јавното мислење покажуваа дека граѓаните ја препознаваат ДКСК како главна антикорупциска државна институција, сепак нејзината улога не им е во целост позната, а довербата во ДКСК е намалена[1] . Во 2010 г. кога граѓаните беа запрашани да наведат една граѓанска организација за којашто сметаат дека најмногу придонесува во борбата против корупцијата, најголем дел од граѓаните ја препознале ДКСК како таква организација, и покрај тоа што ДКСК е државна институција. Во 2016 г. помалку од 34% од граѓаните имаат доверба во ДКСК дека може успешно да се справува со корупцијата, односно повеќе од половина или 58% имаат недоверба[2] . Падот на довербата се гледа и во намалениот број постапувања по предмети за конкретни случаи во кои постои сомневање за корупција иницирани преку пријави од граѓани, правни лица и по сопствен наод (од 1.342 во 2010 г., на 273 во 2015 г.). Истовремено, намален е и бројот на поднесени иницијативи за кривично гонење до Јавното обвинителство на Република Македонија (од 14 во 2010 г., на два во 2015 г.). Граѓаните, како даночни обврзници, треба да бидат добро информирани дали и како ДКСК ги остварува своите законски обврски, бидејќи преку буџетот на Република Македонија ги обезбедуваат средствата за остварување надлежности за спречување корупција. Транспарентноста, отчетноста и ефективноста треба да бидат главни механизми за враќање на довербата во ДКСК како една од клучните институции за спречување и намалување на корупцијата.

1 Нурединоска Е., Саздевски М., Ѓузелов Б (2014). Извештај за проценката на корупцијата во Македонија.

2 Нурединоска Е., Саздевски М., Ѓузелов Б, Поповиќ М. (2016). Извештај за проценката на корупцијата во Македонија.

Проектот „Следење на работата на ДКСК“ има цел да придонесе кон поголема транспарентност и отчетност, како и јакнење на јавната свест за резултатите од работата на ДКСК. Преку проектот се следи спроведувањето на законските обврски и нивото на транспарентноста и отчетноста на ДКСК, како и нејзиниот придонес во борбата против корупцијата во Република Македонија.

Со исклучок на овој извештај кој дава сумарен осврт на статусот, капацитетите и законските надлежности на ДКСК, за претходните десет години од функционирањето, резултатите од следењето во иднина ќе бидат објавувани во кварталните извештаи. Целта на овие изданија е граѓаните и другите засегнати страни редовно да добиваат сеопфатни информации за резултатите од работењето на ДКСК. За самата ДКСК придобивка од надворешното следење е да добие независна оценка за своето работење. Преку заклучоците во секој извештај, ДКСК ќе има можност да ги потврди постигнатите добри резултати, а да се подобрува тамо каде е воочено потфрлување во остварувањата.

## ПРОЕКТ „СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА ДКСК“

Проектот „Следење на работата на ДКСК“ има цел да придонесе кон поголема транспарентност и отчетност, како и јакнење на јавната свест за резултатите од работата на ДКСК. Преку проектот се следи спроведувањето на законските обврски и нивото на транспарентноста и отчетноста на ДКСК, како и нејзиниот придонес во борбата против корупцијата во Република Македонија.

Преку кварталните извештаи граѓаните и другите засегнати страни редовно ќе добиваат сеопфатни информации за резултатите од работењето на ДКСК. За самата ДКСК придобивка од надворешното следење е да добие независна оценка за своето работење.

Проектот се спроведува од септември 2016 г. до април 2018 г., од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), а е поддржан од Британската амбасада во Македонија.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Методологијата која беше применета за овој извештај се заснова на позитивните искуства во следењето на работењето на антикорупциските институции од страна на Центарот за изучување на демократијата (ЦИД) од Бугарија и на искуството на МЦМС во следењето на отвореноста на институциите.

Во овој извештај е опфатено следењето на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во периодот од 2006 г. до 2015 г. Резултатите од овој период треба да дадат увид во досегашните ефекти од работењето на ДКСК, коишто ќе служат како препорачливи вредности за споредба на резултатите од следење на работењето за времетраењето на проектот.

## 2.1. ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Методологијата која се применува во извештаите се заснова на матрица на индикаторите подготвена во соработка со ЦИД.

Три групи на индикатори кои се следат во овој извештај се:

1. Индикатори на перформансите (ИП) - даваат одговор дали и колку ДКСК ги исполнува надлежностите коишто ѝ се дадени со Законот за спречување корупција, со Законот за спречување судир на интереси и со Законот за заштита на укажувачите;
2. Индикатори на транспарентноста (ИТ) - даваат одговор на достапност и пристапност на информациите поврзани со работата на ДКСК до јавноста;
3. Индикатори на отчетноста (ИО) - даваат одговор за степенот на остварување на таканаречената вертикална отчетност пред институциите пред кои одговара и хоризонтална отчетност кон сите други засегнати страни пред кои нема формална одговорност (други институции, граѓанскиот сектор, граѓаните, медиумите, бизнис-заедницата итн.);

Како појдовна точка во дефинирање на индикаторите користени се Законот за спречување на корупција, Законот за спречување на судирот на интереси и Законот за заштита на

укажувачите, како три основни закони врз основа на кои делува ДКСК.

Во процесот на дефинирање на индикаторите, преку две работилници, беа консултирани и експерти од Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата. Консултациите за матрицата се направени и со ДКСК чии забелешки и коментари потоа беа вклучени во конечната верзија.

Во Прилог 1 кон извештајот е дадена матрицата на индикатори.

### 2.1.1.ОБРАБОТКА И ПРИКАЖУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Прикажаните резултати се засноваат на обработка на информациите добиени преку анализа на секундарните податоци достапни на интернет, од податоците добиени од ДКСК и од прашалникот доставен до граѓанските организации.

Со цел да се оцени досегашна соработка на ДКСК со граѓанските организации, а врз основа на потпишаниот Меморандум за взаемна поддршка од 2010 г., беше спроведена анкета со организациите потписници на Меморандумот. Анкетата беше испратена до 18 граѓански организации, а одговорија 14. Анкетата беше спроведена од 1 до 28 февруари 2017 г.

За секои индикатори за перформансите, отчетноста и ефективноста резултатите се засноваат на податоците достапни за периодот од 2006 г. до 2015 г. Индикаторите за транспарентноста ги вклучуваат и сите податоци достапни на веб-страницата заклучно со 31 декември 2016 г.

За визуелно прикажување на остварувањето на индикаторите користени се три бои, и тоа:

**ЦЕЛОСНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ (ЗАКОНОТ СЕ СПРОВЕДУВА ВО ЦЕЛОСТ)**

**ДЕЛУМНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ (ДКСК ПОСТАПУВА ПО ЗАКОНОТ, АМА НЕДОВОЛНО)**

**ЦЕЛОСНО НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ (ДКСК НЕ ПОСТАПУВА ПО НАДЛЕЖНОСТИТЕ ДЕФИНИРАНИ ВО ЗАКОНОТ)**

Бидејќи „обојувањето“ на индикаторите е поврзано со степенот на остварување на законски дефирнираните обрвски, индикаторите за кои не постои законска основа се оставени без оваа категоризација. Примерите се де факто индикатори за транспарентност, бидејќи тие се дефинирани како посакувана пракса којашто ДКСК треба да ја спроведува.

За процена на нивото на покренати случаи на корупција или судир на интереси, користен е моделот за класификација развиен во анализата „Дали антикорупцискиот модел дава резултати во Македонија?”. Моделот на ниво на корупција зема

предвид два параметри: позицијата во политичкиот систем или во јавната администрација на која се наоѓа избрано и именувано лице обвинето за корупција и проценатa на сумата на пари која е злоупотребена. За потребите на оваа анализа моделот е прилагоден (табелата бр. 1) со дефинирање на три нивоа на корупција: високо, средно и ниско ниво.

### ТАБЕЛА БР.1 - КЛАСИФИКАЦИЈА НА НИВОАТА НА КОРУПЦИЈА

| | ВИСОКО | СРЕДНО | НИСКО |
|---|---|---|---|
| Претседа-телство | Претседател на државата (поранешните и сегашниот) | | |
| Собрание | Премиер (поранешните и сегашниот), замениците на премиерот и министрите (поранешните и сегашните, заклучно со мандатот од опозициската партија) | Поранешните пратеници | |
| Влада | Замениците на премиерот и министрите (поранешните и сегашните, заклучно со мандатот од опозициската партија) | Поодамнешните министри, замениците-министри и државните секретари во министерствата | Други нивоа на вработени во министерствата |
| Правосудство | Судии во Уставниот и во Врховниот суд (сегашните), судиите во Апелацискиот суд, Јавниот обвинител и обвинителите со надлежност за гонење корупција | Поранешните судии во Уставниот, во Врховниот и во Апелацискиот суд, други судии и јавни обвинители | Други вработени во правосудството |
| Политички партии | Претседателот на политичка партија која има 5 или повеќе пратеници | Членовите на Извршниот одбор на владејачката политичка партија кои се на јавни функции; Лидерите на помали политички партии | |
| Локална самоуправ | | Градоначалниците и членовите на Советот во Град Скопје и на големи општини. | Градоначалниците, членовите на советот и службениците во мали и средни општини. |
| Јавни претпријатија | | Менаџерите, членовите на управниот одбор на големи јавни претпријатија. | Менаџерите и службениците во мали и средни јавни претпријатија. |

Во однос на користените термини треба да се напомене дека низ текстот се користи термин „избрани и именувани лица“ со кој се опфатени избрани или именувани лица, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал, а кои подлежат под Законот за спречување корупција, Законот за судир на интереси и други закони врз основа на кои постапува ДКСК.

## 2.1.2 МЕТОДОЛОШКИ ОГРАНИЧУВАЊА

Со следењето на работењето на ДКСК, нема да биде опфатено следењето на спроведување на Државната програма за спречување корупција.

Бидејќи информациите беа прибирани од годишните извештаи на ДКСК, во дел од извештаите дел од информациите не беа достапни, па во случаи кога одредена информација не беше достапна, тие години не се вклучени во анализата.

За дел од индикаторите не можеше да се утврди дали станува збор за неисполнување на надлежноста или за не постоење основи за преземање одредено дејствие. Пример за ова се индикаторите кои се однесуваат на покренување иницијативи пред надлежни органи за контрола на финансиско-материјално работењето на синдикати или на здруженија и фондации.

# СТАТУС, КАПАЦИТЕТИ И ЗАКОНСКИ НАДЛЕЖНОСТИ

Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) е воспоставена во 2002 г. врз основа на Законот за спречување корупција.

Според законот, ДКСК е самостојна и независна во вршењето на своите надлежности, определени со закон. Комисијата е составена од седум члена, кои ги бира Собранието на Република Македонија со мандат од четири години со право на уште едно именување. Од 2010 г. членовите се професионално ангажирани за вршење на функцијата.

ДКСК има и секретаријат којшто ги врши стручните, административните и техничките работи. Со Секретаријатот раководи генерален секретар. Според систематизацијата на Секретаријатот, утврдени се вкупно 51 работни места на административните службеници. Во 2016 г. биле исполнети 27 работни места (53%).

Средства за спроведување на своите активности ДКСК обезбедува од буџетот на Република Македонија. ДКСК за 2017 г. има планиран буџет од 34.664.000 денари (564.000 евра). Во 2006 г.[3] буџетот на ДКСК изнесувал околу 10.396.417 (170.000 евра) денари.

### СЕГАШЕН СОСТАВ НА КОМИСИЈАТА (ПЕТТИ ПО РЕД)

1. Д-р Игор Тантуровски, претседател
2. Д-р Фарие Алиу, член
3. Горан Миленков, член
4. М-р Жаклина Дамческа, член
5. Најдо Спасевски, член
6. М-р Сузана Таскова Аџикотарева, член
7. Сејди Халили, член

### ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

Д-р Розета Трајан

3 Од 2006 до 2015 податоците се земени од Завршната сметка на РМ, додека за 2016 и 2017 г. податоците се од планираниот буџет на РМ




**ГРАФИКОН 1.** Буџет на ДКСК од 2006 г. до 2017 г.

Основните надлежности на ДКСК се дефинирани во Законот за спречување на корупција (член 49) и во Законот за спречување судир на интереси (член 21). Според надлежностите (табела 2), ДКСК учествува во креирањето на антикорупциските политики и стратегии, презема активности и мерки за спречување на корупцијата во извршувањето на власта, јавните овластувања, службената должност, политиката и трговските друштва, спречување на судирот на интереси и едукација и информирање. Дополнително, ДКСК има надлежности кои се однесуваат и на поддршка во заштита на лицата кои укажуваат на корупција, а се определени со Законот за заштита на укажувачите.

## ТАБЕЛА БР.2 - НАДЛЕЖНОСТИ НА ДКСК

| | |
|---|---|
| **КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ ПОЛИТИКИ** | → Подготвува и усвојува државна програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси и акциски план<br>→ Донесува годишни програми за својата работа<br>→ Подготвува мислења за нацрт-закони поврзани со спречувањето корупција и судирот на интереси |
| **НАДЗОР И КОНТРОЛА** | → Покренува иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско и материјалното работење на политичките партии, синдикатите, здруженијата и фондациите<br>→ Покренува иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување или примена на други мерки на одговорност, како и постапки за кривично гонење на избрани или именувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал |

| | |
|---|---|
| | → Постапува во случаи на судир на јавниот и личниот интерес<br>→ Води регистар на избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал и ја евидентира и следи нивната имотната состојба |
| **СОРАБОТКА** | → Соработува со други државни органи во спречување на корупцијата и појавата на судир на интереси<br>→ Соработува со соодветни национални тела на други држави, како и со меѓународни организации на полето на спречување на корупцијата |
| **ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ** | → Презема активности на планот на едукацијата на органите надлежни за откривање и гонење на корупцијата и другите видови криминал<br>→ Ја информира јавноста за преземените мерки и активности и за нивните резултати |

За својата работа ДКСК одговара пред Собранието со поднесување на годишниот извештај за преземените мерки и активности.



# 4. ПЕРФОРМАНСИ

Индикаторите за перформансите се дефинирани така што ќе дадат одговор дали и колку ДКСК ги исполнува надлежностите коишто ѝ се дадени со Законот за спречување корупција, со Законот за спречување судир на интереси и со Законот за заштита на укажувачите. Индикаторите се групирани според четирите основни групи на надлежностите преку кои ДКСК може да ја остварува своја превентивна и репресивна улога во борбата против корупцијата: креирање антикорупциски политики, надзор и контрола, соработка и едукација и информирање.

## 4.1. КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИКИ

Законските дадени надлежностите преку кои ДКСК може да биде активен чинител во креирањето антикорупциски стратегии и политики се: подготовка на државна стратегија за антикорупција, подготовка на годишен извештај за својата работа, спроведување антикорупциска проверка на легислативата и активно учество во креирање антикорупциски политики.

Врз основа на годишниот план на активностите на ДКСК, а по завршувањето на секоја календарска година, ДКСК подготвува годишен извештај за своите активности. Извештајот во рок од 30 дена го поднесува до Собранието на Република Македонија.

Антикорупциската проверка на легислативата (АПЛ) е една од мерките што беа утврдени во Планот на активностите на Владата на Република Македонија во 2015 г. за спроведување на итните реформски приоритети за Република Македонија. Во февруари 2016 г. направени се измени на Деловникот за работа на Владата со кои сите предлог-закони кои подлежат на процена на влијание на регулативата пред да се доставаат до Владата за донесување, задолжително мора да се достават и до ДКСК за мислење.

Во продолжение е даден преглед на досегашните остварувања на индикаторите за перформансите поврзани со надлежностите на ДКСК во поглед на креирање антикорупциски политики.

## ДОСЕГАШНИ ПЕРФОРМАНСИ ПОВРЗАНИ СО КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ ПОЛИТИКИ

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
| --- | --- |
| **ИП 1**<br>ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДКСК | Структурата на извештаите на ДКСК низ годините има континуитет. Извештаите ги содржат следните делови:<br>1. Статус, надлежности и буџет на ДКСК;<br>2. Спроведување на Законот на спречување корупција со кое е опфатено спроведување на Државната програма за спречување корупција, постапување во предмети од областа на корупција, евидентирање и следење на имотната состојба на избрани и именувани лица;<br>3. Работа по проекти;<br>4. Едукација;<br>5. Соработка со други актери;<br>6. Односи со јавноста;<br>7. Постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер.<br>Структурата на извештајот дава одговор на спроведувањето на надлежностите на ДКСК. Меѓутоа, со текот на годините се забележува намалување на содржината на текстот во поглед на деталноста. За споредба, во годишниот извештај за 2009 г. во делот каде се разгледуваат предметите за потенцијален судир на интереси детално се наведени сите случаи во кои е утврден судир на интереси, како и случаи во кои не е утврден судир на интереси. Во извештаите од 2012 се напушта ваквата пракса и податоците во врска со судир на интереси се квантифицирани, без детали.<br>Одредени делови од извештаите коишто може да придонесат кон подобро согледување на ефектите од работењето на ДКСК од 2011 г. не се опфатени. Таков пример е делот на извештајот од 2009 г. во кој се презентираат материјалните ефекти од постапувањето на ДКСК по предмети. Веќе од 2010 г. тоа не е посебен дел, туку информациите се презентирани низ различни делови од извештајот и оттаму следењето на ефектите од работењето на ДКСК е отежнато. Исто така и посебниот дел за дадени мислења по предлог-закони од значење за спречување на корупцијата и судирот на интереси го има во извештаите од 2012 г. до 2015 г.<br>Во извештаите нема класификација на нивоа на корупција на предметите на кои работи ДКСК. |

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИП 2**<br>ДАВАЊЕ МИСЛЕЊА ЗА ПРЕДЛОЗИ НА ЗАКОНИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА | ДКСК до 2011 г. во посебен дел од годишните извештаи ги презентира своите активности поврзани со дадени мислења и учеството во подготовката на закони.<br>Од 2006 г. до 2011 г. ДКСК дала 54 мислења на предлог-закони. Најмногу (19) се дадени во 2007 г., а најмалку (2) во 2008 г. Во извештаите се наведени и примери на учество во работни групи за подготовка на предлог-закони и политики.<br>Во извештаите од 2012 г. до 2015 г. не се презентирани информации поврзани со овој индикатор. |
| **ИП3**<br>СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА (АПЛ) | Во септември 2015 г. донесена е Методологијата за АПЛ. Методологијата го дефинира процесот на АПЛ и резултатите од спроведување на процесот, организацијата и управувањето со процесот, улогата и задачите на секој од учесниците на процесот и вклучувањето на засегнатите страни во процесот. Според Методологијата, ДКСК треба да подготви годишен план за спроведување антикорупциска проверка на легислативата и посебен план и динамика за спроведување антикорупциска проверка на легислативата по доставени нацрт или предлог-закони и закони што се веќе донесени. Во 2016 г. воспоставено е Одделението за антикорупциска проверка на легислативата со пет вработени. |

# 4.2 НАДЗОР И КОНТРОЛА

ДКСК согласно Законот за спречување на корупција може да има значителна улога во сузбивањето на корупцијата во Република Македонија

## 4.2.1. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА ВО ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС И ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Во однос на улогата на ДКСК во надзорот и контролата на користење на буџетските средства и средства од јавни фондови за каква било изборна или политичка активност, таа има можност да ги извести надлежните органи доколку утврди дека постои основано сомневање за злоупотреби. Во рок од три месеци од завршувањето на изборите ДКСК има надлежност да подготви и посебен извештај за можните злоупотреби на изборите. Извештајот го доставува до Собранието (член 12 став 3), со што се обезбедува основа за контрола на работењето на институциите кои се известени од страна на ДКСК за постоење сомнежи за злоупотреба на буџетот на РМ од страна на политичките партии. ДКСК има своја

улога и во спречување корупција за време и по изборите и преку можноста да покрене иницијативи за утврдување привилегии или дискриминација по однос на договорите, јавните набавки и другите зделки на домашни или на странски правни лица. Доколку утврди привилегии или дискриминација, од надлежните институции побарува да преземат соодветни мерки и активности. За извршениот увид ДКСК во рок од 30 дена му доставува извештај на Собранието.

## ДОСЕГАШНИ ОСТВАРУВАЊА ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА ВО ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС И ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
| --- | --- |
| **ИП 4** СЛЕДЕЊЕ НА МОЖНИТЕ ЗЛОУПОТРЕБИ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА, ЈАВНИТЕ ФОНДОВИ И СРЕДСТВАТА НА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА ИЛИ ВООПШТО ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗБОРНА И ДРУГА ПОЛИТИЧКА АКТИВНОСТ | ДКСК до сега не утврдила дека постоело основи за сомневање за можните злоупотреби на буџетските средства, јавните фондови и средствата на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал кои се непосредно или посредно, преку инвестициски работи или на друг начин, користени за изборна кампања или воопшто за финансирање изборна и друга политичка активност. Од тие причини не подготвила посебен извештај за можните злоупотреби на буџетските средства и јавните фондови за време на избори. Од 2006 г. до 2015 г. во Македонија се одржани: Претседателски избори во 2009 г. и 2014 г., парламентарни избори во 2006 г., 2008 г., 2011 г., 2014 г. и 2016 г. и локални избори во 2009 г. и 2013 г. |
| **ИП 5** СЛЕДЕЊЕ СЛУЧАИ ЗА ПРИВИЛЕГИИ ИЛИ ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОДНОС НА ДОГОВОРИТЕ, ЈАВНИТЕ НАБАВКИ И ДРУГИТЕ ЗДЕЛКИ ПО ИЗБОРИТЕ | ДКСК има законска надлежност да врши увид во сите договори, јавни набавки и други зделки поврзани со остварување профит склучени, односно извршени по завршувањето на сите нивоа на избори, меѓу државни органи, органи на локалната самоуправа, јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал со домашни или со странски правни лица, како и сите дозволи, концесии и други одлуки со кои на правни лица им се признаваат права или повластици определени со закон или им се одземаат или ограничуваат таквите права или повластици. Бидејќи досега ДКСК за ниеден од спроведените изборни циклуси не утврдила привилегии или дискриминација по однос на договорите, на јавните набавки и на другите зделки, нема подготвено извештај за случаите во кои утврдила привилегии или дискриминација по завршување на изборите, којшто се доставува до Собранието. |

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИП 6**<br>ПОСТАПУВАЊЕ ВО СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА ВО ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС | Во периодот од 2006 до 2015 г. беа оформени вкупно 5.098 предмети по барање за мислење на примена на одредбите од Законот за спречување корупција, а поврзано со спроведувањето на претседателските избори во 2009 г. и 2014 г., на парламентарните избори во 2008 г., 2011 г. и 2014 г. и на локалните избори во 2009 г. и 2013 г.<br><br>Најмногу предмети (2.615) беа отворени за локалните избори во 2013 г. За овие избори имаше и вкупно 109 предмети оформени по пријави од политички партии, здруженија, физички и правни лица, како и предмети отворени по сопствена иницијатива во текот на изборниот процес. |
| **ИП 7**<br>ПОКРЕНУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВИ ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКО-МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ | ДКСК нема покренато иницијативи пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на политичките партии. |

## 4.2.2. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ ВО ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА

Согласно Законот за спречување корупција, ДКСК има надлежностите за надзор и контрола врз избрани или именувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавните претпријатија и други правни лица коишто располагаат со државен капитал. Така, ДКСК може да иницира кривична постапка и разрешување или сменување на некое лице за кое ќе утврди дека на пример ја злоупотребило службената положба и овластување. ДКСК исто така може да постапува и во случаи кога ќе утврди дека постои судир на јавниот и на личниот интерес кај одредено избрано или именувано лице.

Како институција надлежна за водење регистар на избрани и именувани лица и база на податоци со нивната имотна состојба, ДКСК може да поднесе барање до Управата за јавни приходи за поведување постапка за испитување на имотната состојба доколку избрано или именувано лице не поднело анкетен лист, или во анкетниот лист не дало податоци, дало невистинити или непотполни податоци или ако не пријавило промена на имотот. Постапката понатака ја води Управата за јавни приходи.

## ДОСЕГАШНИ ОСТВАРУВАЊА ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ ВО ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
| --- | --- |
| **ИП 8** ПОКРЕНУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ, РАСПОРЕДУВАЊЕ, СМЕНУВАЊЕ, ИЛИ ПРИМЕНА НА ДРУГИ МЕРКИ НА ОДГОВОРНОСТ НА ИЗБРАНИ ИЛИ ИМЕНУВАНИ ЛИЦА, НА СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ИЛИ ОДГОВОРНИ ЛИЦА ВО ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ; | Според податоците достапни во годишните извештаи на ДКСК од 2007 г. до 2015 г., ДКСК врз основа на член 49 став 1 алинеја 5 покренала 34 иницијативи за поведување постапка пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување, или примена на други мерки на одговорност. Овие 34 иницијативи се однесуваат на постапки поведени против 21 избрано или именувано лице и 5 постапки кои вклучуваат повеќе други одговорни лица. Од овие 21 лице, според класификација на ниво на корупција шест лица се обвинети за висока корупција, осум за корупција на средно ниво и седум за корупција на ниско ниво. Сите шест случаи на високо ниво беа покренати во 2007 и во 2008 г. и вклучуваше постапки против пет судии и еден јавен обвинител.<br><br>ДКСК нема (ниту може да утврди) информации за висината на штетата од основаните сомневања и/или утврдена злоупотреба на буџетот, на институцијата каде е утврдена, на корисниците на услуги, на граѓаните, на квалитетот на работењето на институцијата. |
| **ИП 9** ПОКРЕНУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ НА ИЗБРАНИ ИЛИ ИМЕНУВАНИ ЛИЦА, НА СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ИЛИ ОДГОВОРНИ ЛИЦА ВО ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЈАВНИ УСТАНОВИ И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ; | Според податоците достапни во годишните извештаи на ДКСК од 2007 г. до 2015 г., ДКСК врз основа на член 49 став 1 алинеја 6 покренала 102 иницијативи за поведување постапка пред надлежните органи за кривично гонење, кои што се однесуваат на 96 лица и 74 постапки кои вклучуваат повеќе одговорни лица. Од овие 96 избрани и именувани лица, двајца биле на високо ниво, 59 на средно ниво и 35 на ниско ниво. Двата случаи на високо ниво биле покренати во 2010 г. против поранешни избрани и именувани лица (претседател на државата и министер за земјоделство, шумарство и водостопанство). За овие два случаи во извештаите не се наведени проценетите штети направени во буџетот. Најмногу иницијативи (27) биле покренати во 2008 г., а најмалку во (2) во 2015 г.<br><br>ДКСК нема (ниту мооже да утврди) информации за висината на штетата од осомничена и/или утврдена злоупотреба на буџетот, на институцијата каде е утврдена, на корисниците на услуги, на граѓаните, на квалитетот на работењето на институцијата. |

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИП 10**<br>**ЕВИДЕНЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА АНКЕТНИТЕ ЛИСТОВИ И ПРИЈАВИТЕ ЗА ПРОМЕНА НА ИМОТНАТА СОСТОЈБА НА ИЗБРАНИТЕ И ИМЕНУВАНИТЕ ЛИЦА, НА ОДГОВОРНО ЛИЦЕ ВО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ, ЈАВНА УСТАНОВА ИЛИ ДРУГО ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ РАСПОЛАГА СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ** | Од 2006 до 2015 г. годишно во просек биле доставени 950 анкетни листови. Најмалку (451) анкетни листови се поднесени во 2008 г., а најмногу (2.170) во 2013 г. што се должи на локалните избори.<br><br>Вкупниот број објавени анкетни листови на актуелно избрани или именувани лица на веб-страницата се движел од 1.483 во 2009 г. до 4.390 во 2015 г. Во прилог 1 е даден деталниот преглед на структурата на поднесените анкетни листови.<br><br>Од 2011 г. ДКСК започна со активности за подобрување на процедурите за проверка и следење на имотната состојба на избраните и на именуваните функционери. ДКСК изготви и донесе „Критериуми за начинот за определување анкетни листови кои ќе бидат предмет на проверка“, но ова не е јавно достапен документ. Анкетните листови кои се предмет на проверка се групираат на носители на јавни функции од законодавната власт, од извршната власт, од судската власт и од локалната самоуправа. Во 2011 г. беа проверени анкетните листови на 126 лица, 85 во 2012 г., по 34 во 2013 и 2014 г. и 43 во 2015 г. Тоа значи дека од просечно поднесени 950 анкетни листови – ДКСК во 2011 г. проверила 13%, во 2012 г. 8%, во 2013 г. и 2014 г. по 3% и во 2015 г. 4%.<br><br>Од 2006 г. до 2015 г. ДКСК поднела 332 барања за поведување прекршочни постапки поради недоставување анкетен лист. Најмногу (58) барања ДКСК поднела во 2008 г., а најмалку (7) во 2015 г.<br><br>Од 2006 г. до 2015 г. до Управата за јавни приходи ДКСК поднела 243 барања за поведување постапка за испитување имот и имотна состојба на избрани и наименувани лица. Во 2014 г. поднела најмногу барања (48), додека најмалку (2) се поднесени во 2012 г.<br><br>Од сите поведени постапки завршени се 83 постапки, додека 133 се запрени.<br><br>Во периодот од 2007 г. до 2009 г. во буџетот на РМ се вратени средства во износ од 77.468.333 денари од постапки кои ДКСК ги иницирала пред други институции, а по основ на неплатен ДДВ, изречени парични казни за неисполнување на законската обврска за анкетните листови, на непријавени неоданочени приходи итн. Од 2010 г. до 2015 г. вкупната вредност на задолжување за плаќање данок од страна на УЈП, а по иницијатива на ДКСК, изнесува речиси 20.000.000 денари. Најмногу се наплатени во 2014 г. 9.443.560, по два предмети, а најмалку во 2010 г. 216.497 денари. |

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИП 11**<br>ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКИ ЗА СЛУЧАИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ | На 18.09.2009 г. стапи во сила Законот за измени и дополнување на Законот за спречување судир на интереси. Согласно со измените, воспоставена е обврска за јавните функционери за пополнување и доставување изјава за интереси.<br><br>Во периодот од 2007 г. до 2015 г. според достапните информации во годишните извештаи, ДКСК отворила 1.056 предмети од областа на судирот на интереси, а завршени се 941 (или 89%) од нив. Од предметите по кои постапила во овој период, ДКСК во 356 предмети констатирала постоење состојба на судир на интереси, од кои во 86 предмети на службени лица им е изречена мерката јавна опомена поради непостапување по барањата и укажувањата на ДКСК.<br><br>Во овој извештај не е направена анализа дали ДКСК повела постапки во сите случаи во кои постоеле основи за судир на интереси. Врз осова на податоците достапни на веб-страницата понатака во извештајот се дава класификација на нивоата на покренати случаи на судир на интереси. |
| **ИП 12**<br>ЦЕЛОСНОСТ И АКТУЕЛНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА | Регистарот за избрани и именувани лица е ставен во функција на 12.06.2016 година.<br><br>Податоци за сите избрани и именувани лица достапни во регистарот содржат: име и презиме на лицето, назив на органот каде што се врши функцијата/должноста, назив на функцијата/должноста и датум на изборот/ престанокот.<br><br>Регистарот е делумно ажуриран, согласно податоците кои до ДКСК ги доставиле задолжените институции и поединци. При филтрирање на податоците по функција „Градоначалник“ резултатот дава 38 записи, а има 81 единица на локалната самоуправа. Нема информација за тоа кој ја врши функцијата претседател на Владата на РМ и за министрите. Во записите за лицата коишто ги вршат во моментот овие функции, стои функција пратеник, на којашто тие стапиле на 30.12.2016 г.<br><br>ДКСК има надлежност до надлежен суд да покрене барање за поведување на прекршочна постапка за раководното лице на институцијата или органот кој врши избори и именувања, односно на лице овластеното од него , доколку во рок од 15 дена од денот на верификацијата на мандатот, изборот, односно именувањето, како и по престанокот на функцијата на избрано и именувано лице не достави пополнети обрасци до ДКСК. Регистарот на избрани и именувани лица не е поврзан директно со податоците од анкетните листови за имотната состојба на избрани и именувани лица. |

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИП 13** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ УДЕЛИ ИЛИ АКЦИИ. | Во своите извештаи ДКСК нема информации за постапување по пријави за стекнување удели или акции. |
| **ИП 14** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИЈАВИ ЗА ПОСТОЕЊЕ КОРУПЦИЈА ОД ГРАЃАНИ ИЛИ ОД ПРАВНИ ЛИЦА НЕЗАДОВОЛНИ ОД ОДЛУКА ДОНЕСЕНА ВРЗ ОСНОВА НА ДИСКРЕЦИСКО ОВЛАСТУВАЊЕ И КОИ СМЕТААТ ДЕКА ТАА ОДЛУКА Е ДОНЕСЕНА ПОРАДИ КОРУМПИРАНОСТ | Во своите извештаи ДКСК нема информации за постоење случаи кога граѓани или правни лица поднеле пријава до ДКСК како незадоволни од одлука донесена врз основа на дискрециско овластување и кои сметаат дека таа одлука е донесена поради корумпираност. |

## 4.2.3. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА ВО СИНДИКАТИТЕ И ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ

Мерка преку која ДКСК може да ја врши својата улога во спречување корупција е и иницирање контрола на финансиско-материјалното работење на синдикатите, на здруженијата и на фондациите.

### ДОСЕГАШНИ ОСТВАРУВАЊА ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА ВО СИНДИКАТИТЕ И ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИП 15** ПОКРЕНУВА ИНИЦИЈАТИВА ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКО-МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ НА СИНДИКАТОТ | Според информациите достапни во годишните извештаи, ДКСК не покренала иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на синдикатите. |
| **ИП 16** ПОКРЕНУВА ИНИЦИЈАТИВА ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКО-МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И НА ФОНДАЦИИТЕ | Според информациите достапни во годишните извештаи, ДКСК не покренала иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на здруженијата и на фондациите. |

## 4.2.4. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИТЕ

### ДОСЕГАШНИ ОСТВАРУВАЊА ВО НАДЗОРОТ И КОНТРОЛАТА ВРЗ СПРОВЕДУВАЊЕТО ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИТЕ

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИП 17** АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ПРЕЗЕМЕНИ ОД ДКСК КАКО ОДГОВОР НА ПОДНЕСЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ. | Новиот Закон за заштита на укажувачите е донесен во ноември 2015 г., а се применува од март 2016 г. |

## 4.2.5. НАДЗОР И КОНТРОЛА ВРЗ ОСНОВА НА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ

### ДОСЕГАШНИ ОСТВАРУВАЊА ВО НАДЗОРОТ И КОНТРОЛАТА ВРЗ ОСНОВА НА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИП 18**<br>ПРИЈАВИ ОД ГРАЃАНИ И ОД ПРАВНИ ЛИЦА | Од 2006 г. до 2015 г. постојат разлики во начинот на презентирање на податоците, па собирањето на вкупно примените пријави од граѓаните е отежнато. Од достапните податоци, најмногу (1.114) пријави од граѓани имало во 2007 г., а најмалку (127) во 2015 г.<br><br>Во своите годишни извештаи ДКСК не презентира аналитички податоци за структура на подносителите (граѓани, правни лица, здруженија итн.) |

# 4.3. СОРАБОТКА

Постојат три клучни засегнати страни на институционално ниво кои во значителна мера може да придонесат за ефикасно работење на ДКСК: државни институции, приватен сектор и граѓански организации.

Покрај пропишаните законски обврски, соработката на ДКСК со други државни институции е регулирана и со Упатството за соработка на органите на државната управа, јавните претпријатија, јавните установи и други правни лица што располагаат со државен капитал со Државната комисија за спречување корупција („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/2004 и 135/2006), донесено од Владата. Според Упатството, соработка на институциите со ДКСК подразбира успешно воспоставување, координирање и одржување комуникации, како и брза и сигурна размена на информации, размена на професионални, научни и технички знаења, како и споделување информации за лица за кои постои сомневање дека го прекршиле Законот за спречување корупција. Сите институции, опфатени со Упатството, имаат обврска во рок од 15 дена да постапат по доставено барање на ДКСК. Во случај на непостапување, може да се поведат мерки за повреда на обврските во вршење на службените и работните обврски на одговорните лица во институцијата која не го исполнила барањето на ДКСК.

Од декември 2007 па наваму, соработката на ДКСК со 17 институции[4] се остварува и врз основа на потпишаниот Протокол за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси.[5]

Со цел зајакнување на соработката со граѓанските организации, во декември 2010 г. ДКСК го има потпишано Меморандумот за взаемна поддршка за спречување корупција и судир на интереси со граѓанските организации. Заклучно со 2014 г. вкупно 22 организации имаат пристапено во Меморандумот.

ДКСК на 9 декември 2011 г. Го потпиша и Меморандумот за взаемна поддршка за спречување корупција и судир на интереси со приватниот секторот. Потписници на Меморандумот се девет стопански комори и здруженија кои работат на прашања поврзани со деловниот сектор.

5 Управата за јавни приходи, Јавното обвинителство на Република Македонија, Државното правобранителство на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за ревизија, Царинската управа, Управата за спречување на перење пари и финансирање тероризам (сега: Управа за финансиско разузнавање), Управата за финасиска полиција, Државниот завод за геодетски работи (сега: Агенцијата за катастар на недвижностите), Советот на јавните обвинители на РМ, Советот за радиодифузија (сега: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), Бирото за јавни набавки, Државната изборна комисија, Државната комисија за жалби по јавни набавки, Централниот регистар на РМ и Дирекцијата за заштита на личните податоци

## ДОСЕГАШНИ ОСТВАРУВАЊА ВО СОРАБОТКАТА СО ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
| --- | --- |
| **ИП 19**<br>СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО СТРАНСТВО | Во годишните програми за работата од 2011 до 2015 г. со цел развивање на унапредување на соработката со државните институции е планирано редовно квартално одржување средби со потписниците на Протоколот за соработка.<br>Во годишните извештаи за работата од 2010 до 2013 г. има информации за одржани 14 работни средби со државни институции, додека пак во извештаите за 2014 г. и 2015 г. нема информации за одржани средби и конкретни активности за соработка.<br>ДКСК подготвува извештаи за спроведување на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси.<br>Некои од примерите на соработка со државните институции се:<br>Одржани работни средби во текот на 2013 г со Јавното обвинителство на РепубликаМакедонија, на кои се разгледуваа повеќе прашања во врска со иницијативите за кривично гонење на ДКСК и јавнообвинителското постапување;<br>Во 2013 г. по завршувањето на локалните избори ДКСК иницира средба со највисоките претставници на Државната изборна комисија и на Државниот завод за ревизија;<br>Во мај 2013 г. Во соработка со Управата за јавни приходи беа спроведени обуките за едукација и јакнење на свеста на кадрите на УЈП за препознавање, превенција и репресија на корупцијата и спречување на појавата на судир на интереси, како и презентирање на системот на интегритет.<br>За периодот од јануари до јуни 2013 г. подготвен е Извештајот за спроведување на Протоколот за соработка со државните институции.<br>Во извештаите од 2006 г. до 2011 г. има посебен дел кој се однесува на меѓународна соработка. Во овој период: потпишани се три меморандуми за соработка, членови на ДКСК и на Секретаријатот учествувале на 29 конференции, 6 работилници, 10 семинари и 4 обуки надвор од Македонија. Остварени се и 13 студиски посети кај сродни институции и одржани се 20 работни средби. Во извештаите од 2012 г. до 2015 г. нема посебен дел кој се однесува на меѓународна соработка, меѓутоа има информации за потпишани два меморандуми за соработка и по едно учество на конференција и работилници. Информациите во овие извештаи се општи. |

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИП 20** СПРОВЕДУВАЊЕ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР | Во годишните програми за работата од 2011 до 2015 г. со цел унапредување на соработката е планирано редовно квартално одржување средби со потписниците на Меморандумот. Во годишните извештаи ДКСК не презентира конкретни информации и податоци за остварувања за оваа активност, со бројот на одржани состаноци, бројот на организациите кои учествувале и темите за кои е разговарано. Нема информации за бројот на претставници на граѓански организации присутни на настаните на ДКСК.<br><br>Во годишните извештаи од 2010 г. до 2014 г. посебен дел од извештаите е посветен на соработката со граѓанските организации, а врз основа на потпишаниот Меморандум. Некои од примерите на соработка со граѓанските организации наведени во овие извештаи се:<br><br>• Учество на претставник од ДКСК во својство на предавач на обука од областа на корупцијата во високото образование, организиран од страна на Младинскиот образовен форум во април 2014 година;<br><br>• Вклучување на Центарот за граѓански комуникации во проектот во 2012 г. што ДКСК го реализира во соработка со Министерството за образование и наука и со Бирото за развој на образованието за вклучување антикорупциски содржини во образовниот систем во Македонија.<br><br>Во годишниот извештај за 2015 г. нема информации за конкретни активности за соработка со граѓански организации.<br><br>За периодот од јануари до јуни 2013 г. подготвен е извештај за соработка со граѓанските организации. |

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
| --- | --- |
| **ИП 21**<br>СПРОВЕДУВАЊЕ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ СО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР | Во годишните програми за работата од 2011 до 2015 г. со цел унапредување на соработката е планирано редовно квартално одржување средби со потписниците на Меморандумот. Иако во годишните извештаи од 2011 г. до 2014 г. посебен дел е посветен на соработка со приватниот сектор, ДКСК не презентира информации и податоци за остварувања за оваа активност со бројот на одржани состаноци, бројот на институции/организации кои учествувале и темите за кои е разговарано. Нема информации за бројот на претставници на приватниот секторот присутни на настани на ДКСК. Некои од примерите на соработка со приватниот сектор наведени во овие извештаи се:<br>• Во 2012 г. беа реализирани повеќе активности со Бизнис-конфедерацијата на Македонија. Како резултат од оваа соработка произлезе Бизнис-етичкиот кодекс како водич за Македонската деловна заедница;<br>• Во 2014 г. ДКСК учествуваше во донесувањето кодекси на однесување за коректно, совесно и правилно извршување на активностите во приватниот сектор, за спречување на судирот на интереси и за примена на добрите практики во соработката меѓу државните и приватните субјекти и во спроведувањето истражувања за корупција во приватниот сектор и обуки со претставници од овој сектор за јакнење на интегритетот.<br>Во годишниот извештај за 2013 г. и 2015 г. нема информации за конкретни активности за соработка со приватниот сектор.<br>За периодот од јануари до јуни 2013 г. е подготвен извештај за соработка со приватниот сектор. |

## СТАВОВИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА ВЗАЕМНА ПОДДРШКА

Според организациите, соработката со ДКСК најчесто се однесувала на одржување средби (64%). Врз основа на Меморандумот, организациите и ДКСК најмалку соработувале за прашањата поврзани со стручна соработка при изработка на потребна законска и друга регулатива која третира материја од областа на корупцијата и судирот на интереси (23%). Во табелата 3 се дадени одговори на организациите за практикување на видовите соработка наведени во членот 3 од Меморандумот.

## ТАБЕЛА БР.3 - СОРАБОТКА ПО ТОЧКИТЕ НАВЕДЕНИ ВО ЧЛЕН 3 ОД МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА

| Ве молиме наведете дали, од потпишување на Меморандумот во 2010 г. до 31 декември 2016 година, сте соработувале со ДКСК по некоја од точките наведени во член 3 од Меморандумот! | Да | Не |
|---|---|---|
| Размена на достапни информации и иницијативи од областа на корупцијата и судирот на интереси | 43% | 57% |
| Анализа и истражувања на корупцијата и судирот на интереси | 29% | 71% |
| Одржување средби меѓу ДКСК и претставниците од граѓанските организации | 64% | 36% |
| Соработка во реализација на јавни дебати, работилници, конференции и кампањи за подигање на јавната свест | 43% | 57% |
| Меѓусебна стручна соработка во процесот на едукација и обука од областа на корупцијата и судирот на интереси | 43% | 57% |
| Меѓусебна стручна соработка при изработка на потребна законска и друга регулатива која третира материја од областа на корупцијата и судирот на интереси | 21% | 79% |
| Соработка заради реализација на проекти од интерес за борба против корупцијата и судирот на интереси | 50% | 50% |

Соработката со ДКСК во 50% од случаите била на иницијатива на организациите, додека само три (21%) организации се изјасниле дека ДКСК им пристапила со иницијатива за соработка.

Иницијативите од организациите најмногу се однесувале на соработка на нормативната рамка поврзана со антикорупција, организација на настани, соработка на проекти и подготовка на анализи и истражувања. Од примерите што ги навеле организациите, ДКСК прифатила 60% од иницијативите предложени од организациите. Прифатените иницијативи за соработка се однесуваат на учество во обуки и настани организирани од страна на граѓански организации и размена на информации за подготовка на анализи. Исто така, според наводите од организациите, во случаите кога ДКСК ги одбила нивните иницијативи, причините не биле аргументирано образложени. Од друга страна, организациите ги прифатиле речиси сите иницијативи за соработка што ги упатила ДКСК до нив. Само во еден случај иницијативата не била прифатена. Како примери на иницијативи упатени од ДКСК се наведени покана за учество во работна група, учество на состаноци со граѓански организации, заедничка организација на консултациите за подготовка на Државната програма за спречување корупција и судир на интереси (2016-2019).

Запрашани како ја оценуваат севкупната соработка, 29% од организациите навеле дека немало соработка, 43% навеле дека имало соработка, но не на задоволително ниво. За само 29% од организациите соработката била добра, но треба да се подобри . Ниедна организација соработката не ја оценила како одлична.

# 4.4. ЕДУКАЦИЈА

Преку едукацијата на органите надлежни за откривање и гонење на корупцијата и другите видови криминал, ДКСК може да придонесува кон зајакнување на капацитети на органите на државната управа[6].

## ДОСЕГАШНИ ОСТВАРУВАЊА ВО ЕДУКАЦИЈАТА

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИП 22** ПРЕЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ НА ПЛАНОТ НА ЕДУКАЦИЈАТА НА ОРГАНИТЕ, НАДЛЕЖНИ ЗА ОТКРИВАЊЕ И ГОНЕЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И ДРУГИТЕ ВИДОВИ КРИМИНАЛ | Во годишните извештаи за 2006 г. и 2007 г. нема информации за спроведени активности на планот на едукацијата. Според информации од годишните извештаи од 2008 до 2015 г., во соработка со други институции одржани се вкупно 80 обуки.<br><br>Во периодот од 2008 до 2010 г. со обуките опфатени се околу 500 судии и јавни обвинители и околу 80 други службени лица. Во извештаите од 2011 г. до 2015 г. не е наведен бројот на учесници на обуките што ги спровела ДКСК.<br><br>Дел од темите кои беа опфатени со обуките се: „Корупција и судир на интереси: препознавање и надминување“; „Транспарентноста во функција на превенција на корупцијата во правосудството“; „Антикорупциски мерки и етика во државната служба“; „Активен и пасивен поткуп преку концептот на службено лице“. |

6 Закон за спречување корупција, член 49 став 1 алинеја 10

# 4.5. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПЕРФОРМАНСИТЕ

Од вкупно 22 индикатори кои се дефинирани за процена на остварените перформанси на ДКСК, три се остваруваат во согласност со дадените законски надлежности, кај 11 индикатори надлежностите се исполнуваат, меѓутоа недоволно или неадекватно и за седум индикатори законски дадените надлежности не се исполнуваат. Од достапните информации, за дел од неисполнетите надлежности не може јасно да се утврдат причините, односно дали постоеле основи за делување, а не е постапено, или не постоеле воопшто основи за да се преземаат активности.

**Едукација на институциите е клучното достигнување на ДКСК.** Надлежностите коишто се исполнуваат се однесуваат пред се на едукација на институциите како и на соработка со нив, а врз основа на потпишаниот Протокол за соработка.

**Следење на судирот на интереси во фокус на работењето на ДКСК.** Покрај едукацијата, ДКСК е активна во следење на судирот на интереси. За период од осум години ДКСК отворила 1.056 предмети од областа на судирот на интерес и решила 89% од истите односно 941 предмет. Во 356 случаи констатирала постоење состојба на судир на интереси.

**Постои потфрлање во надзорните и контролните надлежности.** Најмалку остварување има кај надлежностите поврзани со надзор и контрола, и тоа кај надлежностите кои се поврзани со следење потенцијални злоупотреби за време на избори и надзор врз политичките партии. Така, на пример иако ДКСК може во значајна мера да придонесе во борбата против корупцијата во изборниот процес, досега никогаш не подготвила посебен извештај за можните злоупотреби на буџетските средства и средства од јавните фондови за изборна кампања или воопшто за финансирање изборна и друга политичка активност, бидејќи не утврдила дека имало такви злоупотреби во изборите спроведени од 2006 г. до 2015 г. Ова е една од надлежностите преку која ДКСК може во значајна мера да придонесе во борбата против корупцијата во изборниот процес.

ДКСК забележува пад на своите перформанси и во евидентирањето и следењето на имотната состојба на избрани и именувани лица. Континуирано се намалува бројот на проверени анкетни листови - од 126 проверени лица во 2011 г. на 43 во 2015 г. Опаѓа и бројот на барања за поведување прекршочни постапки поради недоставување анкетен лист, односно најмногу (58) барања ДКСК поднела во 2008 г., а најмалку (7) во 2015 г. Исто така се намалува и бројот на барања за проверка на имотната состојба и покренати иницијативи за поведување постапка пред надлежните органи за кривично гонење на избрано или именувано лице. Од 102 покренати иницијативи за кривични гонења во периодот од 2007 г. до 2015 г., најмногу (27) биле покренати во 2008 г., а најмалку во (2) во 2015 г. Овие иницијативи вклучувале вкупно постапки против 96 лица и 74 постапки против група лица. Од овие 96, два лица биле на високо ниво, 59 на средно ниво и 35 на ниско ниво.

Од јуни 2016 г. воспоставен е и Регистарот на именувани и избрани лица, којшто се ажурира врз основа на податоците добиени од институциите кои вршат избори и именувања. Регистарот не е ажурен бидејќи институциите ненавремено ги доставуваат податоците. Меѓутоа ДКСК не покренала постапки пред надлежните судови за изрекување глоба на институциите и на одговорни лица во институциите кои не доставиле пополнети обрасци за избрани и именувани лица.

**Значително намалување на пријави за корупција од страна на граѓаните до ДКСК.** Дури десет пати помалку пријави за корупција пристигнале на адреса на ДКСК од страна на граѓаните во 2015 г., споредбено со 2007 г. Односно, само 127 пријави во 2015 г. наспроти 1.114 осум години претходно. Ова може да се толкува како пад на довербата на јавноста во ДКСК и нејзино не препознавање од страна на граѓаните како институција која ќе ги истражи случаите каде тие се сомневаат во корупција.

**Соработката со граѓанските организации е недоволна, а нивната експертиза не е искористена.** За 72% организации потписници на Меморандумот за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси, соработката со ДКСК ја немало или била недоволна. Иницијативите за соработка почесто доаѓале од граѓанските организации, отколку од ДКСК. Иако во своите годишни планови ДКСК планира одржување квартални средби со граѓански организации, тие не се спроведуваат на регуларна основа.

# 5.ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Транспарентноста подразбира достапност и пристапност на информациите поврзани со работата на ДКСК до јавноста. За потребата на следењето на транспарентноста индикаторите се поделени во две групи: индикатори на де јуре транспарентност и индикатори на де факто транспарентност.

Де јуре транспарентноста се дефинира како законски утврдена обврска на ДКСК да објави одредени материјали на веб-страницата или на друг начин да ги стави на располагање на јавноста.

Де факто транспарентноста се дефинира како пракса на објавување материјали поврзани со активностите коишто ги спроведува ДКСК, а за кои ДКСК нема експлицитна законска обврска.

Де факто транспарентноста е поширок концепт од де јуре транспарентноста и ги опфаќа и сите информации кои се достапни на јавноста де јуре.

Во овој извештај оценка на транспарентноста е направена врз основа на информациите достапни на веб-страницата на ДКСК (www.dksk.org.mk). Од 1 февруари 2017 г. ДКСК ја пушти во употреба новата веб-страница (www.dksk.mk). Страницата www.dksk.org.mk веќе нема да се ажурира, но ќе може да се пристапи до неа како архива.

## ОБЈАВУВАЊЕ ЗАКОНИ ОД НАДЛЕЖНОСТ НА ДКСК

На веб-страницата на ДКСК објавени се:

- Законот за спречување корупција;
- Законот за спречување судир на интереси;
- Законот за лобирање;
- Законот за заштита на укажувачите.

За сите овие закони објавени се верзии на основниот текст на законот и дел од измените.
Пречистениот текст е достапен само за Законот за спречување судир на интереси од 2009 г., а имаше измени и во 2012 г. и 2015 г.

# 5.1. ДЕ ЈУРЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## 5.1.1. КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ ПОЛИТИКИ

Според Законот за спречување на корупција член 49 став 1 алинеја 10, ДКСК има обврска да поднесе годишен извештај за својата работа до Собранието на Република Македонија, а го доставува до претседателот на државата, до Владата на Република Македонија и до средствата за јавно информирање.

### ДЕ ЈУРЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО КРЕИРАЊЕТО ПОЛИТИКИ

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИТ-1** ОБЈАВЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДКСК И ЗА ПРЕЗЕМЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | Сите годишни извештаи се објавени на веб-страницата, од основањето заклучно со 2015 г. |

## 5.1.2. НАДЗОР И КОНТРОЛА

Член 35 став 2 - податоците од анкетните листови и од пријавите за промена во имотната состојба, освен податоците заштитени со закон на лицата од членот 33 став 1 на овој закон, се објавуваат на веб-страницата на Државната комисија.

### ДЕ ЈУРЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО НАДЗОРОТ И КОНТРОЛАТА

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИТ-2**<br>ПРИСТАП ДО РЕГИСТАРОТ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА | На старата веб-страница **www.dksks.org.mk** не постои директен линк до базата на податоци којашто ги содржи информациите за избрани и именувани лица. **Линк до базата е овозможен** на новата веб-страница **www.dksk.mk.**<br><br>Пристапот до податоци е ограничен во однос на пребарувањето и прегледноста на регистарот. Пребарувањето по збор во полето означено со „Пребарај обрасци“ е овозможено само за име и презиме. Пребарувањето со користење дел од името на институција не е овозможено преку опцијата „Пребарај обрасци“. На пример, при впишување на зборот „Општина“, во делот за пребарување „Пребарај обрасци“, резултатот нема ниеден запис. Преку опцијата „Одбери институција“ може да се дојде до податоци за општини доколку се избере една по една општина којашто е внесена во Регистарот. Се забележува и дека има недоследности при пополнување на Регистарот, бидејќи во опцијата „Одбери институција“, има записи „Градоначалник“.<br><br>Постоењето „историја на промени“, односно историски податоци за промените на информациите за секој од записите, овозможува анализа на промените кои настанале, а исто така овозможува оценување на веродостојноста и актуелноста на податоците за одреден запис. Регистарот на избрани и именувани лица нема „историја на промени“ која дозволува преглед за почетокот и крајот на извршувањето на функцијата на секое избрано и именувано лице.<br><br>Нема можност да се зачува целата база на податоци со цел да се прави компјутерска анализа/ обработка на податоците. Регистарот не е достапен во формат на отворени податоци. |

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
| --- | --- |
| **ИТ-3**<br>**ОБЈАВЕНИ АНКЕТНИ ЛИСТОВИ И ПРИЈАВИ ЗА ПРОМЕНА ВО ИМОТНАТА СОСТОЈБА НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА НА ДКСК** | На веб-страницата постои линк до базата на податоци којашто ги содржи податоците од анкетните листови на лицата кои имаат законска обврска да поднесат пријава за имотната состојба. Податоците се достапни само додека се врши јавната функција. Штом лицето веќе не ја врши јавната функција, податоците од неговиот/ нејзиниот анкетен лист веќе не се јавно достапни на веб-страницата.<br><br>Промените на имотната состојба се евидентираат на веб-страницата.<br><br>На веб-страницата се достапни само податоци за последната состојба на имотот на именуваните и избраните лица. Веб-страницата нема „историја на настанатите промени“, бидејќи не се гледа периодот кога промените се пријавени, со што се оневозможува споредба на податоците и следење на промените.<br><br>Нема можност да се зачува целата дата на податоци со цел да се прави компјутерска анализа/ обработка на податоците. Податоците од имотната состојба на избраните и именуваните лица не се достапни во формат на отворени податоци.<br><br>Според ДКСК, новиот софтвер ги има овие функционалности, а ќе бидат достапни по усвојувањето на соодветните законски измени во Собранието на Република Македонија. |
| **ИТ-4**<br>**ОБЈАВЕН ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА МОЖНИТЕ ЗЛОУПОТРЕБИ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА ИЛИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗБОРНА И ДРУГА ПОЛИТИЧКА АКТИВНОСТ** | ДКСК досега не подготвила ваков вид извештај, бидејќи утврдила дека во досегашните изборни циклуси немало потреба од тоа, односно не биле констатирани злоупотреби на буџетските средства. |

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
| --- | --- |
| **ИТ-5** ОБЈАВЕН ИЗВЕШТАЈ ВО СРЕДСТВАТА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ИЗВРШЕН УВИД ВО ДОГОВОРИ, ЈАВНИ НАБАВКИ И ДРУГИ ЗДЕЛКИ ПОВРЗАНИ СО ОСТВАРУВАЊЕ ПРОФИТ, СКЛУЧЕНИ, ОДНОСНО ИЗВРШЕНИ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ИЗБОРИТЕ И УТВРДЕНИ ПРИВИЛЕГИИ ИЛИ ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОДНОС НА ДОГОВОРИТЕ, ЈАВНИТЕ НАБАВКИ И ДРУГИ ЗДЕЛКИ | ДКСК досега не објавила и не подготвила ваков вид извештај. |
| **ИТ- 6** ОБЈАВУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА СЛУЧАИТЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ПО КОИ ДКСК ПОСТАПУВА И МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ ГИ ПРЕЗЕЛА | ДКСК редовно објавува информации на веб-страницата на ДКСК. Во периодот од 2007 до 2015 година објавени се вкупно 43 информации за преземени мерки и активности за судир на интереси. Со овие информации биле опфатени вкупно 81 лице, од кои на високо ниво се 3, на средно ниво се 12, а на ниско ниво се 66 лица. |
| **ИТ-7** ОБЈАВЕН НАЦРТ-АКТ ЗА ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР | На веб-страницата е објавен Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на РМ“, бр. 46/16). |

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
| --- | --- |
| **ИТ- 8**<br>ДОСТАПНОСТ НА ГОДИШНИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИТЕ | Примената на законот е започната во март 2016 г. и првиот годишен извештај за примени пријави од укажувачите треба да биде подготвен во 2017 г. |

## 5.1.3. ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

### ДЕ ЈУРЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ЕДУКАЦИЈАТА И ИНФОРМИРАЊЕТО

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
| --- | --- |
| **ИТ-9**<br>ЈАВНО ДОСТАПНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ДКСК | Во годишните извештаи на ДКСК во делот „Односи со јавноста“ се презентираат активности поврзани со споделување информации со медиумите и со граѓаните со цел да се придонесе за објективно информирање на граѓаните. Низ годините се забележуваат сè помалку достапни информации во овој дел од годишниот извештај. Во извештајот за 2015 г. нема квантифицирани податоци, иако според достапните податоци најмногу информации (55) на веб-страницата ДКСК објавила токму во 2015 г.<br><br>Од 2007 г. кога е воспоставена веб-страницата, објавени се вкупно 351 информација во делот за соопштенија, активности, поведени иницијативи итн. |

# 5.2. ДЕ ФАКТО ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Во овој извештај даден е опис на состојбата за де факто транспарентноста, но индикаторите не се оценувани (обоени), имајќи предвид дека за нив не постои експлицитна законска обврска.

## 5.2.1. КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ ПОЛИТИКИ

### ДЕ ФАКТО ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО КРЕИРАЊЕТО АНТИКОРУПЦИСКИ ПОЛИТИКИ

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИТ-10** ОБЈАВЕНИ ГОДИШНИ ПРОГРАМИ И ПЛАНОВИ ЗА РАБОТАТА НА ДКСК ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА | Објавени се годишни програми за работата за 2007, 2010, 2011 и од 2013 до 2017 г.[7]<br>Не се објавени годишни програми пред 2007 г. и за 2012 г. |
| **ИТ-11** ДОСТАПНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА МИСЛЕЊА НА ДКСК ЗА ПРЕДЛОЗИ НА ЗАКОНИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА | Мислењата коишто ДКСК ги доставила за предлози на закони не се објавуваат на веб-страницата редовно.<br>Еден добар пример за објавена информација од страна на ДКСК е веста за иницирани измени на Законот за судир на интереси, објавена на 14.08.2009 на веб-страницата на ДКСК. |
| **ИТ-12** ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ПРОЦЕСОТ НА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА (АПЛ) | Методологијата за АПЛ е објавена на веб-страницата на ДКСК.<br>На веб-страницата нема информации за годишен план за АПЛ. |

7 Програмата за работата во 2017 г. е објавена на новата веб-страница

## 5.2.2. НАДЗОР И КОНТРОЛА

### ДЕ ФАКТО ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО НАДЗОРОТ И КОНТРОЛАТА

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИТ-13** ПРИСТАП ДО АНКЕТНИТЕ ЛИСТОВИ И ПРИЈАВИТЕ ЗА ПРОМЕНА ВО ИМОТНАТА СОСТОЈБА, ОБЈАВЕНИ ОД СТРАНА НА ДКСК | Пребарувањето на веб-страницата е можно по име, по презиме, по функција и по институција.<br>Веб-страницата не дава можност да се зачува цела или дел од базата на податоци со цел да се прави компјутерска обработка на податоците.<br>Историските податоци за анкетните листови и на пријавите за промена во имотната состојба се достапни до моментот на повлекување од функцијата. За јавноста се достапни само податоците за актуелните функционери, односно за оние што имаат поднесено анкетни листови само за избор, но не и за престанок. По поднесувањето на анкетниот лист за престанок на функцијата, податоците за тоа лице автоматски се недостапни за јавноста, но не се бришат од базата на податоци.<br>На веб-страницата не се чува „историја на промени“ за секој од анкетните листови, односно со секое лице, со што не се дозволува следење на промените за секој запис одделно. |
| **ИТ-14** ДОСТАПНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОДНЕСЕНИ ПРИЈАВИ ЗА ПОСТОЕЊЕ КОРУПЦИЈА ОД ГРАЃАНИ ИЛИ ПРАВНИ ЛИЦА НЕЗАДОВОЛНИ ОД ОДЛУКА ДОНЕСЕНА ВРЗ ОСНОВА НА ДИСКРЕЦИСКО ОВЛАСТУВАЊЕ И КОИ СМЕТААТ ДЕКА ТАА ОДЛУКА Е ДОНЕСЕНА ПОРАДИ КОРУМПИРАНОСТ | Информациите не се достапни на веб-страницата бидејќи ДКСК не води ваква статистика. |

## ИТ-15

ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТРОЛА ДАЛИ НЕКОЕ СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ВО РОК ОД ТРИ ГОДИНИ ПО ПРЕСТАНОКОТ НА ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ИЛИ ДОЛЖНОСТИ, ОДНОСНО ПО ПРЕСТАНОКОТ НА ВРАБОТУВАЊЕТО, СЕ ВРАБОТИЛО ВО ТРГОВСКОТО ДРУШТВО ВО КОЕ ВРШЕЛО НАДЗОР ИЛИ ИМАЛО ВОСПОСТАВЕНО КАКОВ БИЛО ДОГОВОРЕН ОДНОС ПРИ ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ИЛИ ДОЛЖНОСТИ

Нема достапни информации на веб-страницата.

## ИТ-16

ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА ПОСТОЕЊЕ ИЛИ НЕПОСТОЕЊЕ ПРИЈАВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ ПО КОЈ БИЛО ОСНОВ АКЦИИ, ОДНОСНО УДЕЛИ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ ВО КОЕ РАБОТЕЛО, ОДНОСНО ВРШЕЛО НАДЗОР СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ ПО ПРЕСТАНОКОТ НА ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ИЛИ ДОЛЖНОСТИ

ДКСК не подготвува ваков вид извештај.

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИТ-17** ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ ЗА НЕОБЕЗБЕДЕНА ЗАШТИТА ВО СООДВЕТНАТА ИНСТИТУЦИЈА | Нема објавени информации за постоење или непостоење пријави од страна на укажувачи за необезбедување заштита во соодветната организација. |
| **ИТ-18** ДОСТАПНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ПРЕЗЕМЕНИ ОД СТРАНА НА ДКСК КАКО ОДГОВОР НА ДОБИЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ ЗА НЕОБЕЗБЕДЕНА НИВНА ЗАШТИТА | Не, поради тоа што нема пријави од таков вид. |

## 5.2.3. СОРАБОТКА

### ДЕ ФАКТО ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОРАБОТКАТА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ, СО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И СО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИТ-19** ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА ЗА СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО СТРАНСТВО | На веб-страницата е објавен Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси помеѓу ДКСК и други државни институции во Македонија.<br><br>На веб-страницата е објавена информацијата од третата средба на институциите потписнички, одржана на 06 мај 2010 г.<br><br>На веб-страницата е објавен еден извештај за спроведување на Протоколот за соработка со државните институции за периодот од јануари до јуни 2013 година.<br><br>На веб-страницата на ДКСК објавени се вкупно 17 информации кои се однесуваат на меѓународна соработка. Од нив, пет вести содржат информации за остварени работни средби, пет информации за потпишани меморандуми за соработка, четири информации се за остварени студиски посети и по една информација за потпишан протокол, учество на конференција и обука. На веб-страницата е објавен Протоколот за соработка помеѓу ДКСК и Службата за спречување измами во Каталонија. На веб-страницата е објавена и веста за потпишан меморандум со Агенцијата за борба против корупцијата на Република Србија. Меѓутоа понатака на веб-страницата нема информации за активности преземени од соработка по основ на потпишани меморандуми. |
| **ИТ-20** ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ | Во делот за соработка со граѓанските организации на веб-страницата се објавени осум вести. Шест од нив се однесуваат на пристапување на нови организации кон меморандумот. Една вест се однесува за средбата одржана на 22 септември 2010 г. на која се разговарало за утврдување насоки за соработка за реализација на заеднички активности и проекти од областа на превенцијата на корупцијата и судирот на интереси. Една вест се однесува на Извештајот за соработка со граѓанските организации, меѓутоа линкот до документот не е функционален. |

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
| --- | --- |
| **ИТ-21** ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ | Во делот за соработка со приватниот сектор, на веб-страницата објавени се Меморандумот за соработка и Извештајот за спроведување на Меморандумот за периодот од јануари до јуни 2013 г. На веб-страницата нема објавени вести за реализирани средби и активности помеѓу ДКСК и претставници од приватниот сектор. |

## 5.2.4. ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

### ДЕ ФАКТО ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ЕДУКАЦИЈАТА

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
| --- | --- |
| **ИТ-22** РЕДОВНО ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ НА ЈАВНОСТА | Врз основа на податоците достапни на веб-порталот www.time.mk во периодот од 2006 г. до 2015 г. објавени се вкупно 1.232 вести. Речиси половина од овие информации објавени се во 2013 г. (280) и во 2015 г. (240). |
| **ИТ-23** ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ ОД ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА КОМИСИЈАТА | Нема пракса за редовно објавување на веб-страницата на:<br>• најави за одржување седница и агенди од седницата;<br>• придружен материјал од седниците;<br>• записници од седниците.<br>Седниците на Комисијата не се јавни, доколку не се одлучи поинаку.<br>Од 2016 г. на јавни седници се објавуваат најави со дневниот ред, како и информацијата од одржаната седница.<br>Според Законот за спречување корупција, член 51 став 4 за разгледување одделни прашања, на седниците на Комисијата може да бидат поканети да учествуваат истакнати стручњаци. Нема достапни информации колку често ДКСК ја има оваа пракса. |

# 5.3 ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТА

Од вкупно девет де јуре индикатори кои се дефинирани за процена на транспарентноста на ДКСК, три се остваруваат во согласност со дадените законски надлежности, кај четири индикатори надлежностите се исполнуваат, меѓутоа недоволно или несоодветно и за еден индикатор законски дадените надлежности не се исполнуваат, додека еден индикатор ќе се следи од 2017 година.

Од друга страна ДКСК во период на следење, не презела доволно дополнителни активности за зголемена транспарентност и повисоки стандарди во информирање на јавноста, коишто се следат преку де факто индикатори на транспарентност.

**ДКСК редовно ги објавува годишните планови и извештаи од својата работа.** Сите годишни извештаи се објавени на веб-страницата на ДКСК.

**Регистарот на избрани и именувани лица како нова алатка на ДКСК за следење на актуелни и поранешни избрани и именувани лица не е целосно функционална.** Ограничувањата во однос на пребарувањето, недостатокот на „историја на податоците", како и неможноста да се прави обработка на податоците ја намалуваат вредноста на оваа алатка и можат да внесат сомнеж во намерите за транспарентност на ДКСК.

**Недоволно информирање на јавноста за активностите поврзани со креирањето политики.** Иако не е законска обврска ДКСК низ годините пропуштила можност да ја информира јавноста за сите дадени мислења од страна на ДКСК за одреден предлог-закони. Исто така, , заклучно со 31 декември 2016 г, сѐ уште нема информации поврзани со антикорупциската проверка на легислативата. Иако беше донесена во септември 2015 г., Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата не беше објавена заклучно со 31 декември 2016 г.  Не е објавен план за антикорупциска проверка на легислативата во 2017 г.

**Транспарентноста на активностите поврзани со надзорот и контролата не е доволна.** Преку веб-страницата на ДКСК јавноста редовно е информирана за случаи поврзани со судир на интереси и преземени мерки и активности. Меѓутоа, недоволна транспарентност е забележана кај активностите поврзани со надзор и контрола на евидентирање и следење на имотната состојба на јавните функционери. Постоечките веб-апликации кои треба да овозможат транспарентност на приходите и имотот на избрани и именувани лица (Регистар на избрани и именувани лица и анкетни листови) не ѝ овозможуваат на јавноста лесно пребарливи и прегледни информации.

**Се зголемува бројот на информации за преземени активности и мерки кои се објавуваат на веб-страницата.** Во 2015 и во 2016 г. се забележува почесто споделување информации за активности на ДКСК на веб-страницата. Во 2016 г. се објавени 55 информации, што е квантитативно најголем број објавени информации во текот на една година од воспоставувањето на веб-страницата. Истовремено, од 2016 г. е воведена пракса за објавување информации за одржување јавни седници и соопштенија со одлуки произлезени од одржаните седници.

# 6. ОТЧЕТНОСТ

Со високото ниво на отчетност ДКСК како независна и самостојна во вршењето на свои надлежности, се осигурува дека работи во интерес на јавноста и се спречува или ублажува потенцијалното работење за лични интереси. Еден од механизмите за зголемување на отчетноста е унапредување на т.н. „хоризонтална отчетност“ како алтернативен начин на контрола на регулаторните тела. За разлика од „вертикалната отчетност“ која подразбира хиерархиско одговарање пред друга институција, „хоризонталната отчетност“ вклучува следење од страна на други засегнати страни кои немаат формална контрола врз институцијата, како на пример граѓански организации, приватен сектор, институции на слично хиерархиско „ниво“, медиуми и јавноста.[8]

Имајќи го предвид ова, индикаторите на отчетноста треба да одговорат за степенот на остварување на формалната – „вертикална отчетност“ пред институциите пред кои ДКСК одговара, како и отчетност кон сите други засегнати страни пред кои ДКСК нема формална одговорност (други институции, граѓански сектор, граѓаните, медиуми, бизнис-заедницата итн.).

## 6.1. ОТЧЕТНОСТ ПРЕД ИНСТИТУЦИИТЕ

Отчетноста пред институциите се однесува на сите надлежности за кои ДКСК има законска одговорност да поднесе извештај за својата работа по одредена активност, или пак одговорност којашто е воспоставена со некој друг необрзувачки акт, како што е Протоколот за соработка со институциите кои имаат надлежности поврзани со борбата против корупцијата.

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИО 1**<br>ПОДНЕСУВАЊЕ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДКСК | ДКСК поднесува годишен извештај до Собранието. |

8 TomicS., Taseva S., Popovic I., Jovancic A., Vojinovic Z. (2015). AgencyTransparencyandAccountability: ComparativeAnalysisofFiveRegulatedSectors inSerbiaandMacedonia. Belgrade, Serbia:Belgrade Institute for Public Policy.

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
| --- | --- |
| **ИО 2** ДОСТАВУВАЊЕ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ НА УКАЖУВАЧИ | Примената на Законот за укажувачите започна во март 2016 г. и ваков вид извештај за прв пат ќе биде подготвен за 2016 г. |
| **ИО 3** ДОСТАВУВАЊЕ ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ ДО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МОЖНИТЕ ЗЛОУПОТРЕБИ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА, ЈАВНИТЕ ФОНДОВИ И СРЕДСТВАТА НА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ ПОВРЗАНО СО ИЗБОРИ И ПОЛИТИЧКИ АКТИВНОСТИ | ДКСК не подготвила посебен извештај за можните злоупотреби на буџетските средства, јавните фондови и средствата на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал за изборна кампања или други изборни или политички активности. Доколку е подготвен извештајот, се поднесува до Собранието. Според ДКСК, досега немало потреба од посебен извештај од овој вид, бидејќи не се констатирани злоупотреби. |
| **ИО 4** ДОСТАВУВАЊЕ ИЗВЕШТАЈ ЗА УТВРДЕНИ СЛУЧАИ ЗА ПРИВИЛЕГИИ ИЛИ ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОДНОС НА ДОГОВОРИТЕ, ЈАВНИТЕ НАБАВКИ И ДРУГИ ЗДЕЛКИ ПО ИЗБОРИ | Не е подготвен ваков вид извештај. |

## 6.2. ОТЧЕТНОСТ ПРЕД ЈАВНОСТА

Отчетноста пред јавноста, граѓанските организации и приватниот сектор подразбира нивно редовно информирање за активностите и преземените мерки од страна на ДКСК.

Еден од начините за активна отчетност кон јавноста е и преку користење на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер кој започна со примена од 1 септември 2006 г.

| ИНДИКАТОР | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА |
|---|---|
| **ИО 5**<br>**ВИД ИНФОРМАЦИИ КОИ ДКСК ГИ ДОСТАВИЛА ДО ЈАВНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ И ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ЗА НЕЈЗИНИТЕ АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ** | Врз основа на податоците достапни на веб-порталот www.time.mk во периодот од 2006 г. до 2015 г. од објавени 1.232 вести.<br>ДКСК нема пракса информациите и достигнувањата од своите годишни извештаи да ги споделува со јавноста преку едноставни и кратки содржини со кои граѓаните, како даночни обврзници од кои ДКСК се финансира, може да се запознаат со ефектите од нејзините постапувања. |
| **ИО 6**<br>**ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊА ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР** | Во годишните извештаи за 2007 г. и 2009 г. има детални податоци за содржината на бараните информации. Во другите годишни извештаи информациите во врска со постапување на барање пристап до информации од јавен карактер се квантитативни.<br>Од 2007 г. до 2015 г. ДКСК примила вкупно 200 барања за пристап до информации од јавен карактер. Најмногу (54) се примени во 2015 г. Во 2015 г. се забележани и најмногу вложени жалби, односно барателите на информации поднеле 41 жалба против барања на ДКСК да ги дополнат своите барања. Сите тие жалби се отфрлени од страна на второстепениот орган, како неосновани.<br>Од вкупно 22 доставени барања за информации во 2007 и во 2009 г., 12 од нив се однесуваат на барања за увид во анкетниот лист, три барања се за записници од одржани седници на ДКСК, два барања за иницијативи за спречување корупција и по едно барање за годишен извештај, сомнеж за корупција кај верски организации, случаи на судир на интереси, број на поднесени претставки и барање за доставување на листата со информации од јавен карактер. |

Во годишните извештаи нема информациите што презе-ла ДКСК за да ги направи бараните информации јавно достапни со објавување на веб-страницата на ДКСК. Од анализата на податоците за содржината на барањата достапни во извештаите од 2007 г. и од 2009 г. може да се заклучи дека дел од информациите кои биле барани за пристап до информации од јавен карактер редовно се објавуваат на веб-страницата.

| | |
|---|---|
| **ИО 7**<br>**КОРИСТЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ ЗА СПОДЕЛУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ СО ЈАВНОСТА** | ДКСК не користи ниеден од социјалните медиуми за споделување на информациите со јавноста. |

## 6.3. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ОТЧЕТНОСТА

Од вкупно седум индикатори кои се дефинирани за процена на отчетноста на ДКСК, еден се остварува во согласност со дадените законски надлежности, кај два индикатори надлежностите се исполнуваат, меѓутоа недоволно или несоод-ветно и за два индикатори законските дадени надлежности не се исполнуваат, а два индикатори ќе се оценуваат од 2017 година.

**Формалната отчетност ДКСК ја има кон Собранието, и се остварува на основно ниво.** ДКСК ги исполнува обврските за доставување годишни извештаи до Собра-нието. Меѓутоа, ДКСК иако има законска обврска најдоцна во рок од три месеца од денот на завршувањето на изборите до Собранието да му достави посебен извештај за можните злоупотреби на буџетските средства за време на изборите, ДКСК досега не го направила ова за ниеден од осумте спроведени изборни про-цеси во периодот од 2006 до 2015 г.[9] Исто така, ДКСК за ниеден од спроведените изборни процеси не поднела извештај до Собранието за извршениот увид во до-говори, јавни набавки и други зделки поврзани со остварување профит склучени по завршувањето на изборите.

9 Претседателски избори во 2009 г. и 2014 г., парламентарни избори во 2006 г., 2008 г., 2011 г. и 2014 г. и локални избори во 2009 г. и 2013 г.

# ПРИЛОГ 1.

## БРОЈ НА АНКЕТНИ ЛИСТОВИ ПОДНЕСЕНИ ДО ДКСК

| | 2015 | 2014 | 2013 | 2012 | 2011 | 2010 | 2009 | 2008 | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Анкетни листови по избор/ именување на функција | 552 | 441 | 1.438 | 195 | 346 | 541 | 694 | / | 294 | 303 |
| Анкетни листови по престанок на функцијата | 145 | 238 | 429 | 60 | 132 | 57 | 100 | 204 | 71 | 182 |
| Промена на функцијата | 17 | 45 | 10 | 31 | 93 | 47 | 24 | 40 | 31 | 42 |
| Анкетен лист/ известување за повторен избор | 14 | 91 | 76 | 9 | 94 | 11 | 35 | 10 | 5 | 31 |
| Известување за промена на имотната состојба | 404 | 384 | 217 | 328 | 235 | 146 | 146 | 197 | 153 | 86 |
| ВКУПНО | 1.132 | 1.199 | 2.170 | 623 | 900 | 802 | 999 | 451 | 554 | 644 |

# ПРИЛОГ 2.

## ОБЈАВЕНИ СЛУЧАИ ЗА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА НА ДКСК

### ОБЈАВЕНИ СЛУЧАИ ЗА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА

| ГОДИНА | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2015 | 2016 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПЕРИОД | 01.01.07 | 01.01.08 | 01.01.09 | 01.01.10 | 01.01.11 | 06.04.11 | 01.01.12 | 01.01.13 | 01.01.14 | 01.01.15 | 14.4.15 | 01.01.16 | |
| НИВО | 31.12.07 | 31.12.08 | 31.12.09 | 31.12.10 | 5.4.11 | 31.12.11 | 31.12.12 | 31.12.13 | 31.12.14 | 13.4.15 | 31.12.15 | 31.12.16 | |
| ВИСОКО | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | **4** |
| СРЕДНО | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 1 | 0 | **12** |
| НИСКО | 1 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 12 | 38 | 1 | 9 | 15 | **81** |
| ВКУПНО | 1 | 0 | 0 | 12 | 0 | 0 | 0 | 14 | 40 | 2 | 11 | 16 | **97** |

# БИБЛИОГРАФИЈА


## ЗАКОНИ

Закон за спречување на корупција („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/2010, 97/2015, 148/2015)

Закон за судир на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/2010, 97/2015, 148/2015)

Закон за заштита на укажувачите („Службен весник на Република Македонија“ број 196/2015)

Упатство за соработка на органите на државната управа, јавните претпријатија, јавните установи и други правни лица што располагаат со државен капитал со Државната комисија за спречување корупција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/2004 и 135/2006)

## СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ И ПРОГРАМИ

Државна комисија за спречување на корупцијата (2016). Годишен извештај за работата на ДКСК за 2015 г. Достапен на: www.dksk.org.mk/images/Drzavni_Programi/izvestaj zarabotataza 2015 - dksk.pdf

Државна комисија за спречување на корупцијата (2015). Годишен извештај за работата на ДКСК за 2014 г. Достапен на: www.dksk.org.mk/images/Drzavni_Programi/ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ-2014-ДКСК.pdf

Државна комисија за спречување на корупцијата (2014). Годишен извештај за работата на ДКСК за 2013 г. Достапен на: www.dksk.org.mk/images//godisen izvestajdksk 2013.pdf

Државна комисија за спречување на корупцијата (2013). Годишен извештај за работата на ДКСК за 2012 г. Достапен на: www.dksk.org.mk/images//godisenizvestaj2012.pdf

Државна комисија за спречување на корупцијата (2012). Годишен извештај за работата на ДКСК за 2011 г. Достапен на: www.dksk.org.mk/images/stories/pdf/god_izvestaj_2011.pdf

Државна комисија за спречување на корупцијата (2011). Годишен извештај за работата на ДКСК за 2010 г. Достапен на: www.dksk.org.mk/images/stories/pdf/godisni izvestai/god.izvestaj_2010.pdf

Државна комисија за спречување на корупцијата (2010). Годишен извештај за работата на ДКСК за 2009 г. Достапен на: www.dksk.org.mk/images/stories/pdf/dokumenti/godisen_izvestaj_2009.pdf

Државна комисија за спречување на корупцијата (2009). Годишен извештај за работата на ДКСК за 2008 г. Достапен на: www.dksk.org.mk/images/stories/pdf/dksk_godisen_izvestaj _2008.pdf

Државна комисија за спречување на корупцијата (2008). Годишен извештај за работата на ДКСК за 2007 г. Достапен на: www.dksk.org.mk/images/stories/pdf/godisni izvestai/god.izvestaj_2007.pdf

Државна комисија за спречување на корупцијата (2007). Годишен извештај за работата на ДКСК за 2006 г. Достапен на:
http://www.dksk.org.mk/images/stories/pdf/godisni%20izvestai/god.izvestaj_2006.pdf
Државна комисија за спречување на корупцијата (2015). Методологија за антикорупциска проверка на легислативата. Достапна на:
www.dksk.mk/fileadmin/PDF/Metodologija_za_APL.pdf
Државна комисија за спречување на корупцијата (2015). Извештај за спроведување на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси, период: јануари-јуни 2013 година. Достапен на:
www.dksk.org.mk/images/stories/pdf/sorabotka/izvestaj%20protokolot%20za%20sorabotka%202013.pdf

## АНАЛИЗИ

Мангова И. (2013). Дали антикорупцискиот модел носи резултати во Македонија? Клучни фактори кои го прават еден модел успешен. Скопје: Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје. Достапна на:
www.academia.edu/3081031/Is_the_Anti-Corruption_Model_Delivering_Results_in_Macedonia
Нурединоска Е., Саздевски М., Ѓузелов Б (2016). Извештај за процена на корупцијата во Македонија. Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка. Достапна на:
mcms.mk/images/docs/2014/izvestaj-za-procenka-na-korupcijata-vo-makedonija-2014.pdf
TomicS., TasevaS., PopovicI., JovancicA., Vojinovic Z. (2015). Agency Transparency and Accountability: Comparative Analysis of Five Regulated Sectors in Serbia and Macedonia. Belgrade, Serbia: Belgrade Institute for Public Policy. Достапна на:
www.rrpp-westernbalkans.net/en/research/Completed-Projects/2015/-Are-regulatory-agencies-in-Serbia-and-Macedonia-transparent-and-accountable-.html

## ДРУГИ ИЗВОРИ

OpendataMacedonia,
https://data-mkopen.rhcloud.com/